# Медиум

весник
за сите
средношколци

Понеделник, 30.5.2016; година IV; бр. 23

www.medium.edu.mk


МАТУРСКИ ПРОСЛАВИ



Фото: Игор Банскoлиев

# Насмевката е најважната облека

стр. 5



Матурантите по десетти пат одиграа „квадрил“

стр. 2




Матеј Поп Дучев: Поентата на дебатата е аргументирано размислување

стр. 3

Од година на година спортистите -гимназијалци се сè подобри

стр. 4


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



**Емилија Величковска, професорка по македонски јазик во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Скопје**

## Крстосница со ограда

Секој од нас на свој начин ги исполнува своите морални должности и на карактеристичен индивидуален начин се искачува по скалилата на животот. Треба да умееме да се соочиме со сите нешта низ кои треба да минеме во текот на животот, треба да најдеме сили во себе кои ќе нè водат напред и со кои ќе успееме да останеме победници во животната игра. Ќе наидеме на падови и издигнувања, порази и победи, најразлични чувства и емоции кои животот ги носи со себе.

И да, токму тие постојат како спротивност за да се надополнуваат, за да го создадат моралот и моралните вредности на еден човек, кој сака и мрази, победува и губи, создава и уништува, простува и одмаздува. Конфузноста и несигурноста се главни причини често да се чувствуваме збунети и исплашени. Во животот нидуваме на многу препреки и токму затоа патот до остварување на нашите сништа и мечти иако е макотрпен, со упорност и волја ќе се избориме да го изодиме за да ја достигнеме нашата цел. Во раната младост не секогаш сме доволно способни и разумни да донесеме свесно исправна одлука. Потребни ни се поддршка, разбирање и совет од зрела возрасна личност со рационално размислување. Често се потпираме на нашите родители, на семејството, како примарно опкружување кое нуди материјална, емоционална и социјална поддршка. Велат дека смислата на животот може да се дефинира преку елиминирање на бесмислиците. Имено, полесно е да се живее бесцелно отколку да се пронајде суштината на постоењето, зашто постојат многу начини да се даде погрешен одговор на прашањето на животот.

Оттука, имајќи предвид дека има само еден пат на потврдување (смисла), а десетици на порекнување (бесмисла, несмисла, премисла...), решението се крие во препознавањето на негаторските префикси. Сепак, смислата може да се достигне, не само ако научиме морфологија за да се снајдеме и справиме со негаторските префикси кои носат безнадежност, бесцелност и безизлезност, туку и ако сите тие морфолошки нијансирања навреме ги направиме. Зашто кога префиксот и основниот збор толку ќе сраснат еден со друг веќе нема да бидат можни никакви јазични интервенции, а ние ќе живееме со разочарувањето дека требало да се занимаваме со фонетика или со синтакса.

Затоа драги мои, проширете ги вашите видици, турнете ја оградата која се наоѓа на вашата крстосница и минете ја безбедно.

**Емилија Величковска,**
**професорка по македонски јазик**
**во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Скопје**

## Шведски средношколци ја посетија охридската гимназија



Во рамките на образовната традиционална соработка меѓу охридската гимназија „Свети Климент Охридски“ и шведското училиште „Наверлонсколан“ од Малме, шведски средношколци неодамна ги посетија своите врсници во Македонија.

Шведските ученици беа предводени од професорот Љупчо Ларс Ралевски, Македонец по потекло и вљубеник во земјата, чија желба и намера е да ги запознае своите ученици и колеги со македонските убавини, како и со нашиот образовен систем.

Во рамките на посетата, домаќините од охридската гимназија ги прошетаа гостите низ образовната институција. Учениците во спортската сала одиграа пријателски одбојкарски натпревар, а се дружеа и надвор од гимназијата. Во пресрет на матурската парада, Швеѓаните имаа можност да ги проследат и ученичките подготовки околу неа.

Раководните лица од гимназијата изјавија дека во иднина се планира и возвратна посета на охридските средношколци во Шведска.

**Алберта Гулицовска,**
**психолог во гимназијата**
**„Св. Климент Охридски“ - Охрид**



## Матурантите по десетти пат одиграа „квадрил“



И годинава, повеќе од илјада матуранти од цела земја, точно напладне на 20 мај, се собраа на плоштадот „Македонија“ и традиционално го одиграа танцот „квадрил“ во рамките на „Матурска парада 2016“. По десетти, јубилеен пат, во исто време танцуваа заедно со своите врсници од повеќе градови од земјава и од Европа, на звуците на штраусовата опера „Лилјакот“. На настанот, кој го отвори скопскиот градоначалник Коце Трајановски, учествуваа ученици од 20 средни училишта од Скопје, Охрид, Струга, Струмица, Валандово, Гевгелија и од Неготино.

Пред започнувањето на танцот „квадрил“, матурантите положија заклетва за ненасилство и толеранција.

„Матурска парада 2016“ е во организација на Дирекцијата за култура и уметност на Скопје во соработка со танцовиот клуб „Ритам плус“, а под покровителство на Градот Скопје. Поддржувач на манифестацијата е Делегацијата на Европската Унија во Македонија.





## Глумци-аматери ја изведоа претставата „Тетовирани (високо вредни) души“

Драмската секција на гимназијата „Јосип Броз Тито“ од Скопје, под раководство на професорката Емилија Величкова, во мај годинава изведе претстава на сцената на театарот „Комедија“. Станува збор за традиционален финален настан на крајот од училишната година, во кој учествуваат ученици од трета и од четврта година.

Петнаесетина млади аматери, по шестмесечни подготовки глумеа во претставата „Тетовирани (високо вредни) души“, еден вид компилација на двете драми на Горан Стефановски („Тетовирани души“ и „Хај-Фај“), во кои се прикажуваат човечките карактери и нивните слабости, влијанието на една личност врз друга, влијанието на околностите врз карактерите и носталгијата кога ќе се замине од татковината.

Средствата од картите се донирани во хуманитарни цели, во училиштето за посебни потреби „Златан Сремац“.

**Тијана Милиќ, Кристина Дабеска,**
**Елена Василевска, гимназија**
**„Јосип Броз Тито” - Скопје**

Медиум

**Уредник на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Саша Белевска **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

# Матеј Поп Дучев: Поентата на дебатата е аргументирано размислување




**ПОП-ДУЧЕВ ОСВОИ И НАЈМНОГУ ГОВОРНИЧКИ ПОЕНИ И БЕШЕ ИЗБРАН ЗА НАЈДОБАР ГОВОРНИК НА ТУРНИРОТ. ТОЈ Е МАТУРАНТ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „НОВА“ И СВОЈАТА ИДНИНА, ИАКО Е УСПЕШЕН, НЕ ЈА ГЛЕДА ВО ОРАТОРСТВОТО, НАПРОТИВ ВО МЕДИЦИНАТА.**

На традиционалното Национално дебатно првенство, кое се одржа месецов, на крајот од учебната година во приватното училиште ФОН, Матеј Поп-Дучев, Матеа Коцевска и Ангелина Цветковска од тимот „Скопје“ беа прогласени за национални шампиони во компетитивна дводневна дебата, во конкуренција од 35 тима од целата држава.

Од овој тим, „Скопје“, на индивидуално ниво, Поп-Дучев освои и најмногу говорнички поени и беше избран за најдобар говорник на турнирот. Тој е матурант во средното училиште „Нова“ и својата иднина, иако е успешен, не ја гледа во ораторството, напротив во медицината.

**МЕДИУМ: Кои беа темите на кои твојот тим дебатираше на Националното дебатно првенство и ги освои признанијата?**

ПОП ДУЧЕВ: Во согласност со моменталните случувања во Македонија на турнирот беа дадени две теми, на кои се дебатираше „за“ и „против“, поточно афирмација и негација, критичко размислување и аргументирана анализа. И тоа на темата „Дали меѓународната заедница треба поагресивно да се вклучи во решавање на политичката криза“ и „Дали војниците треба да се третираат како херои“. За овие теми имавме две недели подготовка, но на турнирот имаше и други теми, зададени на самиот натпревар, за кои имавме само 15 минути за подготовка.

**МЕДИУМ: Станува збор за тешки теми од политичката сфера, за кои треба универзитетско знаење, но и секојдневно следење на домашната сцена. Кој ве подготвуваше за нив?**

ПОП ДУЧЕВ: Конкретно за овој натпревар нè подготвуваа предавачи од Младинскиот образовен форум (МОФ). Но всушност јас веќе две години ги посетувам предавањата по теории за дебата во МОФ. Станува збор за тематски предавања, но сепак истражувањата ги правиме самите ние. Ако ни е потребен совет, бараме помош од предавачите, но она што е важно е дека секогаш се подготвуваме сами од две перспективи - негација и афирмација. За натпреварот во ФОН читавме извештаи на Интернет, весници, анализи од странски списанија, се со цел подобро да се запознаеме со темите. Исто така, се подготвивме и изградивме слика и за политичкиот систем на нашата земја, за што секако имавме и претходни познавања.

**МЕДИУМ: Што точно дебатиравте на првата тема, кои беа вашите перспективи како тим?**

ПОП ДУЧЕВ: На првата тема дебатиравме за развивањето на културата за протест, за фактот дека граѓаните не треба да се потпираат единствено на странската помош, во негациски контекст. Поточно, дека самоиницијативно треба да се вложиме во решавање на домашните внатрешни проблеми, граѓанскиот сектор да влијае во таа насока, а властите да се плашат од граѓаните. Граѓанскиот сектор да биде еден вид коректор во решавање на кризата. Во афирмативен контекст, пак, тезата се однесуваше на тоа дека граѓаните немаат капацитет за решавање на внатрешните проблеми и затоа е потребен повисок авторитет кој ќе изврши притисок врз политичката елита. Но и дека не се залудни протестите, напротив дека целта им е да го привлечат вниманието на странскиот фактор.



**МЕДИУМ: Како беше составен победничкиот тим? Се познававте ли од претходно - од средно училиште, од излегувања, од слободни активности?**

ПОП ДУЧЕВ: Да, се познававме од претходно, од МОФ, решивме да се здружиме и да се пријавиме. И така некако дојдовме до пехарот и признанијата за најдобри говорници, кои за нас се од исклучителна важност.

**МЕДИУМ: Како еден средношколец од „Орце Николов“, а сега во „Нова“ заврши во дебатен клуб и стана најдобар говорник на национално ниво по само две години? Случајно?**

ПОП ДУЧЕВ: Да, случајно. Слушнав од пријатели за дебатниот клуб во МОФ и не бев воопшто ентузијаст. Не знаев ништо од оваа област претходно, се чудев и си поставував прашања „што е тоа“. По само еден месец сфатив дека ми се допаѓа, не поради дружењето туку поради новите перспективи и вложувањето енергија.

**МЕДИУМ: По освојување на Националниот дебатен турнир, ќе продолжиш ли и надвор од границите?**

ПОП ДУЧЕВ: Да, веќе се подготвувам за натпревар во Софија, Бугарија, на кој се пријавив сам. Станува збор за меѓународен турнир по студентска дебата, која ќе се одржи во јули годинава, а на која учествуваат и студенти од Оксфорд и од Кембриџ.

**МЕДИУМ: Ти си матурант, веќе мора да мислиш за друго ниво на образовното скалило. Кои се твоите планови за во иднина, општествени науки, право или сосема нешто друго, нешто кое не е поврзано со дебати и говорништво?**

ПОП ДУЧЕВ: Веќе сум одлучен, ќе студирам медицина во Холандија. Медицината е моја прва љубов, дебатата ми е втора. Во дебатите нема само политички тези, застапени се и многу други теми, меѓу другото и медицината. Поентата на дебатата е да размислуваме аргументирано и јас со оваа љубов нема да застанам, планирам да продолжам да учествувам на студентски дебати и во Холандија. Доколку нема дебатен клуб онаму каде што ќе одам, јас ќе отворам.



## Волонтер и во Црвениот крст

Освен дебатата како втора љубов, медицината како прва љубов и всушност негова идна професија, Матеј Поп Дучев е и волонтер во Црвениот крст на Македонија веќе три години. Раскажа дека учествува во акции за прва помош, во хуманитарни, собирни, крводарителски и во многу други акции. Го прашавме како наоѓа време за сите тие активности, а и згора на сè да биде најдобар.

- Нема филозофија. Едноставно имам добра организација. Еднаш неделно одам на дебати, еднаш неделно во Црвениот крст, сè друго е учење и дружење со пријателите - рече Поп Дучев.

## Турнирот е можност говорниците да ги применат во практика своите вештини

На Националното дебатно првенство, што се одржа на универзитетот ФОН, за шампионската титула се бореа повеќе од 130 средношколци и студенти. Организатор на настанот беше Младинскиот образовен форум, а на првенството учествуваа 32 тима од шест града во Македонија.



Пред финалето, во кое се натпреваруваа два тима, се одржаа четири прелиминарни рунди, полуфинале и финале во „Ворлд скулс стејсл“ формат.

Целта на овој настан е да им даде простор на средношколците - членови на дебатните клубови на МОФ, да ги применат во практика своите вештини со кои се стекнале во текот на целата година, со посета на дебатните предавања во нивните клубови.

На годишно ниво клубот го посетуваат повеќе од 200 средношколци во државата. Слушаат предавања за дебатни вештини и стекнуваат образование во области од економијата, меѓународните односи, социјалните промени, меѓународните тела и институциите.

КАДЕ БЕВМЕ?

СЕ ОДРЖА ГОДИШНАТА СРЕДНОШКОЛСКА „ГИМНАЗИЈАДА 2016- КУМАНОВО“

# Од година на година спортистите-гимназијалци се сѐ подобри

**Покровители на масовната државна манифестација, на која учествуваа 1.000 спортисти од 60 средни училишта, се Агенцијата за млади и спорт (АМС) во соработка со Министерството за образование и наука, како и Советот на општината Куманово, додека организатори се Федерацијата на училишни спортови на Македонија и Општинскиот сојуз за спортови од Куманово**







Средното училиште „Перо Наков“ од Куманово оваа година беше домаќин на државната спортска манифестација „Гимназијада“, на која учествуваа повеќе од 1.000 спортисти од 60 средни училишта во Македонија.

На оваа традиционална средношколска манифестација, десетта по ред и најмасовна од овој тип во земјава, беа застапени колективни спортови во машка и во женска конкуренција: футсал, кошарка, ракомет, одбојка и фудбал, додека од индивидуалните спортови - атлетиката во машка и во женска конкуренција. Новитет годинава беше одржувањето на ревијални натпревари помеѓу победниците на манифестацијата „Гимназијада“ со паралелки од спортските академии.

Покровители се Агенцијата за млади и спорт (АМС) во соработка со Министерството за образование и наука, како и Советот на општината Куманово, додека организатори се Федерацијата на училишни спортови на Македонија и Општинскиот сојуз за спортови од Куманово.

Директорот на Агенцијата, Марјан Спасески, изрази задоволство како на секоја наредна „Гимназијада“ настапуваат сѐ подобро подготвени ученици и екипи.

- Се детектираат нови и уште поголеми спортски таленти, затоа што значително се подобруваат и условите за спорт и спортски активности - изјави Спасески.

Лидија Тасевска, директорка на средното училиште „Перо Наков“, информираше дека нивното училиште било домаќин на манифестацијата, но натпреварите се одржувале низ целиот град, во сите подобро опремени сали во градот Куманово.

Поточно, како што истакнаа и од локалната самоуправа на отворањето на „Гимназијада“, честа годинава му припаднала на Куманово, меѓу другото и поради добро опремените спортски сали, една градска и четири спортски, изградени по европски и светски стандарди.

Натпреварувањето траеше два дена, од 5 до 7 мај.

Машката екипа на СОУ „Никола Карев“ од Струмица убедливо го освои првото место во одбојка, во фудбал златниот медал отиде во рацете на учениците од училиштето „Сами Фрашери“ од Куманово, во футсал кај екипата „Илинден“ од Илинден, за ракомет кај гимназијалците од фискултурното училиште „Методија Мицевски-Брицо“, додека учениците од гимназијата „Јосип Броз Тито“ од Скопје беа најдобри во кошарка. Во женска категорија, три златни медали освоија ученичките од фискултурното училиште „Методија Мицевски-Брицо“ во футсал, одбојка и ракомет. Во фудбал прво место освоија струмичките гимназијалки од „Никола Карев“ и во кошарка од „Орце Николов“ од Скопје.

Најуспешните и најистакнатите учесници ќе бидат наградени со учество на летните кампови во времетраење од седум дена, кои ќе бидат организирани по завршувањето на натпреварувачката и на училишната програма.






### ПРВИ НАГРАДИ, КОЛЕКТИВНИ СПОРТОВИ, МАЖИ:

- Фудбал: СОУ „Сами Фрашери“ - Куманово
- Футсал: ОСУ „Илинден“ - Илинден
- Одбојка: „Никола Карев“ - Струмица
- Ракомет: ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- Кошарка: „Јосип Броз Тито“ - Скопје

### ПРВИ НАГРАДИ, КОЛЕКТИВНИ СПОРТОВИ, ЖЕНИ:

- Фудбал: СОУ „Никола Карев“ - Струмица
- Футсал: ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- Одбојка: ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- Ракомет: ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- Кошарка: „Орце Николов“ - Скопје

### ПРВИ НАГРАДИ, ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ, МАЖИ:

- 100 и 400 метри трчање - Славе Коевски, ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- 1.000 метри трчање - Димитар Илиев, СОУ „Славчо Стојменски“ - Штип
- Скок во далечина и скок во височина, Никола Стојановиќ, СОУ „Гоце Делчев“ -Куманово
- Ѓуле, Елмин Бајрамовиќ, СУГС „Марија Кири Склодовска“ - Скопје
- Трчање, 4 пати по 100 метри, Огнен Ивановски, Матео Тренковски, Александар Ангелковски, Славе Коевски, ДУФК „Методи Митевски-Брицо“ - Скопје

### ПРВИ НАГРАДИ, ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ, ЖЕНИ:

- 100 метри трчање, Јана Митовска, ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- 400 метри трчање, Вера Урдаревска, ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје
- 1.000 метри трчање, Рената Соколовска, СУГС „Ѓорѓи Димитров“
- Скок во далечина, Сања Тимчевска, СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово
- Скок во височина, Андријана Тасевска, СОУ „Гоце Делчев“
- Ѓуле, Драгана Стојанова, СОУ „Јане Сандански“ - Штип
- Трчање, 4 пати по 100 метри, Христина Трајковска, Јана Митовска, Бојана Насевска, Вера Урдаревска, ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ - Скопје

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

МНОГУ НЕПОТРЕБНИ ТРОШОЦИ ЗА МАТУРСКИТЕ ЗАБАВИ

# Насмевката е најважната облека

**Јоана Тренеска, матурантка во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје**

Матурантите можеби за прв пат во својот живот се наоѓаат на прагот на донесување сериозни одлуки, сосема сами. Но пред да го направат пресудниот избор за тоа на кој факултет да се запишат, или, пак, веднаш да почнат да бараат работа, прво треба да ја поминат матурската вечер, која се одбележува со традиционална голема забава. Иако поголемиот дел млади го одобруваат ваквиот начин на одбележување на матурата и на полнолетството, сепак исто така од година на година расте бројот на средношколци кои и̂ пркосат на традицијата. И годинава многумина се прашуваа - како да се прославува? Кој е најдобриот начин убаво да се заокружи оваа етапа од животот на еден млад човек? Дали да се продолжи традицијата или да се искуси нешто ново?



**КОЛКУ ЧИНИ ЕДНА МАТУРСКА ВЕЧЕР?**

Конкретно во Скопје, најдобар избор е матурска вечер со партнер, со фустани, свечени костуми, алкохол и игра. И момчињата и девојките значително инвестираат во својот изглед за незаборавната ноќ. Девојките купуваат или шијат фустани што чинат во просек по 10.000 денари, купуваат и накит, чанта, чевли, па тука се и шминката и фризурата. Доколку сето ова се земе предвид, најскапата варијанта за подготовка на една матурантка е околу 30.000 денари. Ниту момчињата не поминуваат нешто поевтино. Квалитетни вратоврски, кошули, пантолони и костуми чинат од 10.000 денари, па нагоре. Секако трошок е и вечерата во хотел со соучениците, за диското и трубачите резервирани за утрото по лудата ноќ. Во Скопје, сумата за хотелот и за храната за матурската вечера чини најчесто 1.250 денари, диското и диџејот - 500 денари, алманахот 700 и трубачите 300 денари. Сѐ на сѐ, организацијата би чинела околу 2.750 денари. Оваа сума мора да ја плати секој што сака да биде дел од забавата, додека сѐ друго останува на матурантот и на родителите колку можат или сакаат да потрошат.

Доколку се вклучи во цената и домашната прослава со пријатели и роднини, во ресторан пред матурантот или матурантката да отиде на матурската вечер, трошокот е уште поголем. Можеби дел би се покрил со подароците од баба, дедо, тета или чичо, но парите секако мора да се дадат.

Сепак некои средношколци веќе го напуштаат ваквиот начин на размислување и дејствување.

Матурската вечер, според мене, е голем непотребен трошок. Штипјани се држат до оваа традиција и е непишано правило дека секој матурант мора да се подготви да биде најубав на големата вечер. Настанот би требало да симболизира завршување на еден период од младоста и влегување во позрел период, затоа изборот како тоа ќе се одбележи треба да остане на матурантот. Јас, лично, нема да славам матурска со премногу пријатели и роднини, само со најблиските - изјави Јована Георгиева, матурантка од Штип.

Сличен став имаат и некои од професорите во училиштата.

Воопшто не сум против славење матура, средношколците тоа го заслужуваат. Се прославува за убаво да се заокружи оваа етапа на младите. Меѓутоа, начинот на кој се слави секако е прескап. Тоа покажува каков менталитет имаме, па се расфрламе со пари и со тоа матурската вечер станува парада. Во странство, на пример, се следи истата традиција, но се постапува многу поекономично. Се слави во училиштето, во спортската сала, додека за музика се задолжени средношколците што сакаат да станат диџеи. Не верувам дека ние ќе го достигнеме некогаш тоа ниво на свест - вели Душко Стојановски, професор во СУГС „Орце Николов“.

Сепак, оние кои велат дека матурските вечери се скапи, непотребни, помпезни забави што треба да се избегнуваат се во помал број од оние кои сакаат богата, раскошна прослава налик на свадба.



**СВЕЧЕНА ВЕЧЕРА ИЛИ СПОМЕН ОД МИЛАНО?**

Во другите градови, како Охрид и Струга, крајот на средношколските денови се прославува со матурска екскурзија. Покрај екскурзијата во трета година што сите средни училишта ја имаат, охриѓани и стружани организираат уште едно патување надвор од Македонија. За нив повеќе вреди да се дадат пари за патување во странство отколку за фустан, костум и журка. Најчесто се прави тура до Италија и иста та чини исто колку што би чинела и една матурска вечер, доколку се земат предвид дополнителните трошоци од патувањето.

**КОМУ МУ ТЕКНУВА НА УЧЕЊЕ?**

Во овој период ретко кој фаќа книга, бидејќи повеќето се засегнати со подготовките за славењето, дури и три месеци однапред. Момчињата навреме поканувaат девојки да им бидат партнерки, за да не завршат без партнерка или со некоја со која сврзале едвај три збора последните 4 години. Забавата во ресторанот, па во дискотеката, сите адети со партнерот и партнерката се интересни и поразлични од сите претходни средношколски забави. Тоа е вечер кога целата генерација се собира за последен пат, развеселена и носталгична. Најчесто прославата со пријателите и родниниte почнува околу 19 часот, два часа подоцна партнерот ја зема партнерката од дома и се упатуваат кон хотелот каде што почнува забавата. Алкохол таму најчесто нема, иако многумина пробуваат да прошверцуваат (во чантите најчесто), но затоа најголем број средношколци организираат и „афтерка“ - забава по официјалната забава, во некое диско каде што има доволно алкохол за вистински да се развеселат. За ова да се реализира се собираат пари и се земаат телефонски броеви од сите родители, во случај матурантот да се напие повеќе од што има кондиција. Сара Коцевска, матурантка од Скопје, порачува дека сѐ што ви треба за матурата е да бидете насмеани и добро расположени. Без тоа џабе би биле и најскапата гардероба и најскапиот автомобил, музика и храна.

Никој не бара прескапи, брендирани облеки. Единствената „облека“ се насмевката и доброто расположение. Треба да се забавуваме, бидејќи не знаеме дали повторно некогаш ќе се сретнеме во овој состав - рече Сара Коцевска, матурантка од Скопје.

## Хуманоста на дело

Пејачката Кристина Арнаудова оваа година беше иницијаторка на хумана акција на донирање свечена облека на матуранти што не можат да си ја дозволат.

- Идејата почна наивно, со мој статус на Фејсбук во кој напишав дека би сакала да им помогнам на неколку матурантки кои не можат да си дозволат свечена облека и други нешта потребни за таа толку важна ноќ. По мојот статус се приклучија и мои пријателки, кои искажаа желба и тие да го направат тоа, па почнаа да се пријавуваат бутици, дизајнери, па непознати луѓе од цела Македонија кои подаруваа. Така стигнавме до бројка од 90 дотерани матуранти. Многу сум среќна што таа моја објава доби таков одзив. Да знаев дека ќе има толку интерес од матуранти на кои им беше потребна помош, а од друга страна луѓе кои сакаат да помогнат, сето тоа ќе го направев поорганизирано. Затоа следната година таа акција ќе ја официјализирам во рамките на моето здружение „Проект среќа“ и ќе се потрудиме да направиме уште помасовна и поуспешна акција за матурантите - изјави Арнаудова.

ИЗБРАНИ НАЈДОБРИТЕ ОД „МЛАДИ ИНФОРМИРАНИ, МЛАДИ АКТИВИРАНИ“

# Проблемот мора да биде и виден, а не само да се зборува за него

**Пред публика и жири-комисија се избраа најдобрите иницијативи, при што по гласањето од публиката и бодувањето од жири-комисијата првото место го поделија тимовите „МКЦдонија“ од Велес со иницијативата за отворање младински културен центар во нивниот град и тимот „Од големи за мали“ од Скопје со еколошки работилници по училиштата**





Осум средношколски тима, кои во изминатите три месеци реализираа граѓански иницијативи и поттикнаа промени во своите заедници, имаа можност да ги споделат своите приказни на настанот „Активирај се“, кој се одржа месецов во киното „Култура“. Пред публика и жири-комисија се избраа најдобрите иницијативи, при што по гласањето од публиката и бодувањето од жири-комисијата првото место го поделија тимовите „МКЦдонија“ од Велес, составен од шестмина активисти и „Од големи за мали“ од Скопје, кој, пак, броеше петмина.

Иницијативите со кои тимовите настапија беа различни: од стрип против дискриминација, веб-портал за информирање на младите, културни дебати во основните училишта, родова еднаквост меѓу половите, обука против сајбер-насилство на 40 средношколци, па сè до победничките иницијативи на „МКЦдонија“ за отворање културен дом за млади во Велес и креативна работилница за екологија на тимот „Од големи за мали“.

Како што објасни Симона Младеновска, асистентка-координатор од студентската организација „Излез“, „Активирај се!“ е настан кој е дел од проектот „Млади информирани, млади активирани“. Станува збор за партнерски проект на „Излез“, „ЗГ Младите можат“, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА и Центар за меѓукултурен дијалог - ЦИД. Проектот се спроведува во рамките на проектот на УСАИД за граѓанско општество, кој го реализира Фондација отворено општество Македонија - ФООМ.

Во името на тимот на „МКЦдонија“ зборуваше Драгана Кичукова, активистка и средношколка од гимназијата „Кочо Рацин“ од Велес.

- Нашата иницијатива цели кон отворање младински културен центар во Велес, од типот на МКЦ во Скопје. Место каде што младите ќе можат лично да се експресионираат и да се дружат - рече Кичукова.

Во рамките на проектот и активностите кои траеја три месеци, таа со своите тимски колеги имаа низа акции за издигање на свеста кај младите, но и кај надлежните власти во врска со нивната замисла - снимаа видеа со изјави на граѓани, музичари, поети, ученици. Отворија и ФБ-страница „Велес сака МКЦ“, на која своите намери ги изразуваа преку статуси, фотографии, пораки, и така некако ја развиваа индивидуалната и колективна свест.





Во рамките на иницијативата подготвија и изведоа и претстава, која ја именуваа „Гужва“. Влезот за претставата, во библиотеката „Бели мугри“, беше еден денар.

- „Гужва“ е симболично име за нашиот недостиг од простор. Ние шестмина, заедно со наши пријатели од Велес, во претставата глумиме поети, актери, уметници, креативци - раскажа таа.

Нивната намера не завршува со завршувањето на проектот и освојувањето на првото место, туку напротив, веќе стапиле во контакт со градоначалникот на Велес, а ќе испратат и барање до општината за отворање младински културен центар во градот. Доколку локалната власт не им излезе в пресрет, имаат намера самите да изнајдат начини за крајна реализација на нивната замисла.

Креативните работилници за екологија на тимот „Од големи за мали“ се однесуваа на три и полмесечни активности со кои беа опфатени вкупно 64 деца во Скопје, поточно 48 десетгодишни деца со типичен развој од три основни училишта и 16 деца-средношколци со попреченост од училиштето „Партение Зографски“.

Како што објасни Ивана Крстиќ, средношколка од „Орце Николов“ и членка на тимот, проектот се одвивал преку дискусии, игри, визуелни претстави, се со цел издигање на свеста и позитивно влијание кај младите.

- Активностите по екологија опфатија часови три дена во неделата. Една средба траеше околу час и половина и за тоа време се трудевме преку различни методи на основците и на средношколците да им ја доближиме тематиката за екологија, да направиме чекор плус во нивната свест - рече Крстиќ.

Според асистентката-координатор Младеновска, проектот за учесниците е големо искуство од аспект на „лрнинг енд дуинг“.

- Потребно е да направиме проблемот да биде виден, а не само да се зборува за него - истакна Младеновска, додавајќи дека сите иницијативи може да продолжат да живеат преку разни алатки, особено Интернетот, во зависност од упорноста и самоиницијативното вложување на тимските активисти.

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Дали почнавме да сонуваме и електронски соништа?



Беше студен мајски ден и часовниците отчукуваа 25 часот. Да, добро прочитавте. Дваесет и четвртиот час е толку старомоден веќе. Сите живееме еден час понапред. Трчаме низ нашето сиво секојдневие. Градите ни се полнат со воздух. Црвенилото полека доаѓа до образите. Солениот вкус на потта е измешан со малку надеж и доза на разочарување.

А извинете, зошто трчаме? Трчаме за она што во 19 век го нарекуваа прогрес. Оф, да. Па прогресот веќе ни чукна на вратата и ние своеволно го примивме на шолја чај и неколку колачиња. Технологија, пријатели. Нешто од кое не можеме да се откажеме. Какво безобразно задоволство, како последна коцка чоколада. Знаете ли кога сфатив дека живееме во електронски свет? Кога седејќи во едно кафуле сите се збереа во правоаголникот кој катадневно е во нашите десни џебови. Кога библиотеките го изгубија мирисот на стара книга и часовниците не служат само за покажување време. Кога започнав да симнувам книги на мојот таблет. Дури и мирисот на „Рекорд" стана електронски. Ја мериме убавината со „лајкови", а ставовите ги искажуваме во 140 карактери на Твитер.

Кога станавме вакви, хм? Кога онаа мисла „една слика вреди илјада зборови" ја сфативме буквално и почнавме да зборуваме преку „емоџи"?

Лесно е. Технологијата навлезе во сите пори на нашето битување и сега е премногу доцна да кажеме стоп. Наместо тоа сите продолжуваме напред. Тврдоглаво се држиме до технолошкиот прогрес како давеници за сламка, без да сфатиме дека можеби така го губиме човечкиот материјал.

Истрчавме долг пат, но имаме уште многу километри за трчање. Чекајте! Што ако станавме толку обземени од трката, да дури не сме ни забележале дека одамна сме го поминале „финишот" и неуморно одиме уште понапред? Како велат - технологијата е корисен слуга, но опасен господар. Замислете си! Денес сакаме и на роботите да им дадеме душа, без да размислуваме за последиците. Но дали машините воопшто би можеле да го заменат сето она што претставува човечко битие? Да сакаат? Да чувствуваат? Да премолчат кога облеката нема да ви стои убаво? Да ја сокријат првата симпатија? Да веруваат во бог иако не го виделе? Да го излажат професорот за ненапишаното домашно? Да сонуваат свои соништа? Не знам за нив, но благодарение на технологијата ние сигурно сонуваме електронски соништа.

**Бојан Китановиќ, трета година, СЕПУГС „Арсени Јовков" - Скопје**

## Екстерното тестирање е бесмислено и непотребно

Во нашата држава се воведе екстерното тестирање кое се полага на крајот на учебната година како еден вид целосна проверка на знаењето на ученикот. Стана сè поригорозно и предизвикува страв и стрес кај оваа популација. Зошто? Која е целта? Сметам дека ова тестирање е апсолутно непотребно, бидејќи преку него, всушност, се врши проверка на професорите и нивното оценување, а не на нашето знаење. За нас нема никаква корист, затоа што преку целата година имаме повторувања, тестови и континуирана проверка на нашето знаење.

За некои ученици можеби е добро, имаат шанса да добијат повисока оценка од постојната, но за некои е потешко и без разлика дали ученикот учел или не, некаде ќе згреши. Ваквото тестирање е само дополнително малтретирање. Како некоја што живеела и учела во Америка би кажала дека ваквото тестирање и таму е практика, но со многу помалку прашања. Воедно, испитот се заменува порано или подоцна, во зависност од подготвеноста на ученикот да полага.

Кај нас тестирањето е премногу напорно,



а има и недостиг од време. Да не го споменувам и притисокот од професорите. На пример, ученик полага екстерно по предмет за кој има висока оценка, па кога професорот ќе дознае дека тој ученик ќе полага екстерно по тој предмет, професорот ја намалува оценката за да не биде казнет доколку ученикот постигне лош резултат. Ова не е в ред и е сосема неправедно, бидејќи целокупниот труд и напорна работа паѓаат во вода кога станува збор за екстерното тестирање. Професорите се заштитуваат, ние се отепуваме учејќи. Не е дека сум против учењето, нормално дека без учење и надополнување на знаењата нема да постигнеме ништо во животот, но сметам дека ова е бесмислено. Ако на крајот на годината го имаме ова тестирање, тогаш зошто ни се сите оние тестови и писмени работи во текот на годината?

Екстерното тестирање нема да ги зголеми знаењата со кои сме се стекнале во текот на годината, ниту ќе придонесе за реална процена и објективност кај професорот. Мај е месец во кој веќе се ставаат крајните оценки, се прават тестови скоро по сите предмети, и како врв на сè е - екстерното. Ништо кое единствено предизвикува нервоза, како кај учениците така и кај професорите и родителите. Паѓањето на компјутерскиот систем, воведување прашања кои не се дел од претходно дадените прашања и прашања кои дури и не се од книгата по одредениот предмет се само некои од слабостите кои се дел од екстерното тестирање и, за жал, се повторуваат секоја година.

Единствен резултат од ова тотално непотребно тестирање се: уплашени ученици, преоптоварени професори и загрижени родители.

**Радица Камчева, СОУ „Славчо Стојменски" - Штип**

# Поетско читање во гимназијата „Орце Николов"



**Јоана Тренеска, матурантка во гимназијата „Орце Николов" во Скопје**

Преку рецитирање на песните на ирскиот поет Вилијам Батлер Јеитс и на Русинот Сергеј Есенин, средношколците од СУГС „Орце Николов", во рамките на вечерен поетски перформанс се запознаа со поезијата на Истокот и Западот. Иницијатор на настанот беше гимназискиот професор по македонски јазик и литература Душко Стојановски, а двигатели на целиот перформанс - Виктор Јовановски и Никола Стојановски, дипломирани компаративисти.

Двајцата ги рецитираа стиховите оригинал, додека учениците се погрижија за препевот. Јовановски го претстави делото на Јеитс, а Стојановски на Есенин, по што следуваше анализа на нивната поезија. Присутна публика не беа само учениците од јазично-уметничката насока, туку и од општествените и од математичките насоки. Професорот Стојановски истакна дека Есенин и Јеитс, за жал, едвај се споменуваат во училишните програми.

- Идејата не е само да се спореди поезијата на овие два великани, туку да се покаже од колкава важност се зборовите. Често им кажувам на моите ученици дека зборовите можат да создадат чуда, и тоа преку поезијата, бидејќи таа се поврзува директно со луѓето. Многумина не ја сакаат, бидејќи стиховите не можат веднаш да се сфатат, но само преку неа ние можеме да ги чувствуваме зборовите, бидејќи секој од нив таму има некое значење. Ништо не е кажано колку да помине на редот - изјави професорот на отворањето на настанот.

Присутни беа не само учениците од јазично-уметничката насока, туку и од општествените и од математичките насоки.

- Секако и препевот што го направија средношколците не беше воопшто наивен, напротив одличен, а тоа се должи на неуморното настојување на професорите да интерпретираме, да рецитираме песни и постојано да учиме. Не бадијала во трета и во четврта година денонокно ги анализиравме и учевме напамет „Гарванот" од Едгар Алан По и „Маја" од Радован Павловски - велат учениците.

Тие додаваат дека овој настан беше едно убаво заокружување и резултат на сè што научивме и изрецитиравме во сите 4 години по предметот македонски јазик и литература.





# ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

НОВИНАРСКА ЛАБОРАТОРИЈА - „КАКО СЕ ПИШУВААТ ВЕСТИ?“

## Учениците од „Славчо Стојменски“ беа млади новинари







Штипските средношколци, на почетокот на месецов, имаа можност да научат нешто повеќе за новинарството и за тоа како се пишуваат новинарски вести. Во организација на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во средното училиште „Славчо Стојменски“ се одржа новинарска лабораторија за триесетина ученици од сите четири години.

Учениците се запознаа со содржините на средношколскиот весник „Медиум“, а потоа Александра Темелкова од Високата школа им објасни што е новинарска вест и кои се карактеристиките и структурата на веста. Новинарот и уредник во дневниот весник „Нова Македонија“, Жарко Василевски, во заедничка комуникација со средношколците опиша како функционира една редакција на печатен медиум и како се раѓаат вестите во еден весник.

- Задоволна сум од целата работилница. Научивме повеќе за тоа како треба да пристапуваме кон различните видови вести. Како да споредуваме вести и да анализираме. Би сакала да имаме повеќе вакви едукативни работилници во училиштето - рече матурантката Јована Георгиева.

Учениците вежбаа пишување вести, но се интересираа и за начинот на кој се креира уредувачката политика на медиумите, за процесот на информирање, репортерство и можностите на интернет-медиумите.

Оваа новинарска лабораторија што ја организира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста е дел од проектот „Македонска коалиција за медиумска писменост“, што го финансира Европската Унија. Дел од активностите на овој проект се фокусирани кон издигнување на свеста на средношколците за значењето на медиумската писменост и критичка перцепција на информациите. Секоја година Високата школа организира по пет вакви работилници во различни средни училишта низ Македонија, оваа во Штип е втора по ред. Следните три работилници ќе се реализираат во првото полугодие на наредната учебна година.

# СОВЕТУВАМЕ:

## Внимавај колку време поминуваш играјќи онлајн

Не се само игрите што го создаваат твојот живот: многу луѓе не можат да се контролираат и постојано ги проверуваат социјалните мрежи (дури и родителите!) Балансирањето на твојот дигитален живот со сè друго што правиш може да биде тешко. Кога поминуваме многу време на социјалните мрежи имаме чувство дека сите повеќе се забавуваат во моментот од нас. Тоа е затоа што додека сите поминуваме низ добрите и лошите моменти во нашиот живот, на социјалните мрежи го постираме само тоа што е добро.

Многу тинејџери, особено девојчињата, чувствуваат потреба дека мораат да изгледаат убаво на одреден начин за да постираат слика на Интернет. Ова може да предизвика голем притисок за да споделуваат само „перфектни“ фотографии. Исто така, фотографиите на кои девојките се „многу секси“ можат да добијат и невкусни коментари.

**Советуваме:**

- Одлогирај се од сите социјални мрежи и исклучи го телефонот пред спиење. Не само што ќе се разбудиш одморен, туку нема да имаш можност да напишеш некоја „несвесна“ порака.
- Земи одмор од социјалните мрежи, дури и на еден ден. Ќе го смириш твојот ум и ќе им дадеш приоритет на твоите хобија, вежбањето или дружењето со пријателите и со семејството. Одлични нешта ќе се случат ако го оставиш телефонот на еден ден!

**Избегнувај притисок:**

Размислувај како твоите пријатели споделуваат или коментираат, дури и разговараjте за вашите фотографии. Дури и ако многу луѓе на социјалните мрежи испраќаат непристојни или злобни коментари на други луѓе, сепак тоа не е в ред.

Не споредувај се себеси со луѓето кои ги гледаш онлајн - па дури и твоите пријатели. Сети се дека сите ги постираат само добрите работи кои им се случуваат во животот и нивните најубави фотографии. Секако тука се и „филтрите“ за разубавување на фотографиите.

# СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Мартина Величковска

Во соработка со Стрип центар на Македонија

# КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

## Учествувајте во „Разбери ја попреченоста„

Младинската интернационална организација „ Луѓе за луѓе“ го организира настанот „Разбери ја попреченоста“ на 11 јуни во 10.30 часот, во ЕУ-Инфоцентарот во Скопје. Ова е можност за сите средношколци кои сакаат да слушнат искуствени говори од лица со попречености и од нивните семејства за предизвиците со кои овие заедници се соочуваат. На настанот ќе се зборува за различните видови попречености како: аутизам, церебрална парализа, епилепсија, оштетување на видот и оштетување на слухот. Некои од говорниците ќе зборуваат за своите изминати средношколски денови, а некои и за тоа што допрва ги очекува како предизвик пред запишување во средно училиште. На настанот ќе биде промовирана и публикацијата „Разбери ја попреченоста“ со интервјуа од сите говорници на настанот.

## Деветти натпревар за најдобар есеј за екогенерацијата и животната средина

„Самсунг инженеринг“ и Програмата за животна средина на ООН (УНЕП) ги поканува младите луѓе од целиот свет да ја издигнат свеста на темата за претстојниот Ден на животната средина (5 јуни) преку пишување текстови за борбата против нелегалната трговија со диви животни. Заинтересираните автори можат да аплицираат со есеј на тема „Нелегалната трговија со диви животни во мојата држава и нејзиното влијание на идните генерации“. Есеите влегуваат во конкуренција во „Деветтиот натпревар за најдобар есеј на тема за екогенерацијата и животната средина“. Најдобрите трудови, кои ќе бидат познати во јули, ќе добијат награди од „Самсунг инженеринг“ и сертификати за учество, доделени од УНЕП.

**Повеќе на:** http://tunza.eco-generation.org/competiton

## Отворени апликациите за гласовите на млади блогери-практиканти

Младинската онлајн-заедница при УНИЦЕФ „Гласот на младите“ нуди можност за стажирање преку блогирање на теми од социјалните, културните, политичките и економските прашања за млади на возраст меѓу 14 и 24 години. Избраните 10-15 млади автори (од цел свет) ќе можат да пишуваат блогови во период од три месеци, а за овој период ќе добиваат и стручна помош и совети од раководителите на оваа реномирана заедница на УНИЦЕФ за правилата на пишување и блогирање.

Заинтересираните треба добро да го владеат англискиот јазик. Стажирањето почнува во јуни 2016-та.

Блогерите-учесници ќе добијат сертификат за учество, издаден од УНИЦЕФ, онлајн-заедницата „Гласот на младите“.

**Повеќе на:** http://www.voicesofyouth.org/en/sections/content/pages/voy-blogging-internship